Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-769/7

07-12-2023 година

Постапувајќи по претставка број 08 - 769/1 од 30.10.2023 година, поднесена од [redacted] од Битола, со адреса на живеење на [redacted] во Битола, против лицата [redacted], началници во Сектор за внатрешни работи – Битола, Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, за извршена дискриминација по основ на личен или општествен статус – пријавител на кривично правен настан, во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката со број 08 –769/1 од 30.10.2023 година, поднесена од лицето [redacted] од Битола против лицата [redacted], началници во Сектор за внатрешни работи – Битола, Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, **поради неуредност.**

### Образложение

На 30.10.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка за заштита од дискриминација од подносителот [redacted] од Битола, со адреса на живеење на [redacted] број 7 во Битола, против лицата [redacted] началници во Сектор за внатрешни работи – Битола, Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, по основ на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи.

Во претставката подносителот наведува дека му е одземено службено огнено оружје и истото не му е вратено иако се законски исполнети условите да му се врати. Наведува дека подолго време не му е вратено оружјето што не било случај со останати вработени во СВР Битола. Наведува и дека постојано неосновано е дисциплински казнуван, а заради сето наведено смета дека е дискриминиран и трпи морална и материјална штета.

Со оглед на член 24 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација, согласно кој *<u>Претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката,</u>*

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот,* Комисијата се обрати со Барање за доуредување на претставката заведено под број 08-769/2 од 06.11.2023 година со кое побара доставување на дополнителни податоци заради соодветно доуредување на претставката и правилно утврдување на фактичката состојба.

Со оглед дека бараното доуредување не е доставено во законски предвидениот рок од член 24 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација според кој *Доколку претставката не ги содржи елементите Комисијата ќе го задолжи подносителот да ја доуреди во рок од осум дена од денот на приемот на претставката,* се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
06.12.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
- - Архива на КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk